Институт за национална историја - Скопје

# Религија

## Зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии „Денови на Јустинијан I“, Скопје, 13-14.11.2020 г.

Уредник
Митко Б. Панов

Скопје, 2021

Издавач:
Институт за национална историја - Скопје

Уредник:
Митко Б. Панов

Лекторка:
Јордана Шемко Георгиевска

Техничка обработка:
Игор Панев

Печати: ДПТУ Контура ДОО Скопје

Финансиски поддржано од:

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

2(495.02)"653"(062)
930.85(495.02)"653"(062)

РЕЛИГИЈА : зборник на трудови од Осмиот меѓународен симпозиум за византиски и средновековни студии "Денови на Јустинијан I" : Скопје, 13-14.11.2020 г. / уредник Митко Б. Панов. - Скопје : Институт за национална историја, 2021. - [340] стр. : илустр. ; 24 см

Текст на мак. и англ. јазик. - На наспор. насл. стр.: Religion Proceedings of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies "Days of Justinian I" : Skopje, 13-14 November, 2020 / edited by Mitko B. Panov. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4981-00-8

а) Религија -- Византија -- Среден век -- Собири б) Културна историја -- Византија -- Собири

COBISS.MK-ID 55299589

Institute of National History - Skopje

# Religion

## Proceedings of the 8th International Symposium on Byzantine and Medieval Studies “Days of Justinian I”, Skopje, 13-14 November, 2020

Edited by
Mitko B. Panov

Skopje, 2021

**Уредник**
Митко Б. Панов

**Меѓународен научен комитет**
Флорин Курта, *Универзитет во Флорида*
Митко Б. Панов, *Институт за национална историја, Скопје*
Донатела Бијаѓи Маино, *Универзитет во Болоња*
Елизабета Димитрова, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Драги Ѓорѓиев, *Институт за национална историја, Скопје*
Хрвоје Грачанин, *Универзитет во Загреб*
Ендрју Роуч, *Универзитет во Глазгов*
Ѓузепе Маино, *Универзитет во Болоња*
Георги Николов, *Универзитет во Софија*
Витомир Митевски, *Македонска академија за науки и уметности, Скопје*
Гордана Силјановска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Каролин С. Снајвли, *Гетисбург колеџ*
Виктор Лилчиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Александар Спасеновски, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Иванка Василевска, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Мишо Докмановиќ, *Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје*
Рубин Земон, *Центар за напредни студии, Скопје*
Јане Коџабашија, *Сојуз на композитори на Македонија*

**Секретари на редакција**
Драган Ѓалевски, *Институт за национална историја, Скопје*
Игор Панев, *Филозофски факултет, Скопје*

**Edited by**
Mitko B. Panov

**International Scientific Committee**
Florin Curta, *University of Florida*
Mitko B. Panov, *Institute of National History, Skopje*
Donatella Biagi Maino, *University of Bologna*
Elizabeta Dimitrova, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Dragi Gjorgiev, *Institute of National History, Skopje*
Hrvoje Gračanin, *University of Zagreb*
Andrew Roach, *Glasgow University*
Giuseppe Maino, *University of Bologna*
Georgi Nikolov, *Sofia University*
Vitomir Mitevski, *Macedonian Academy of Science and Arts, Skopje*
Gordana Siljanovska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Carolyn S. Snively, *Gettysburg College*
Viktor Lilčić, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Aleksandar Spasenovski, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Ivanka Vasilevska, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Mišo Dokmanović, *University Ss. Cyril and Methodius, Skopje*
Rubin Zemon, *Center for Advanced Studies, Skopje*
Jane Kodjabasija, *Composers' Association Of Macedonia*

**Editorial Secretaries**
Dragan Gjalevski, *Institute of National History, Skopje*
Igor Panev, *Faculty of Philosophy, University, Skopje*

## СОДРЖИНА / CONTENTS


Предговор / Foreword ix
*Митко Б. Панов*

1. Un nuovo inizio. La nascita dell'Ortodossia dopo la restaurazione delle immagini (843)
*Antonio Rigo* 21

2. A Search for Russian Monastic Legitimization
*Christian Raffensperger* 33

3. Slavery, Religion and the Prus
*Andrew Roach* 44

4. Sacrifices and funerary customs in the religious context of the Early Slavs
*Georgios Kardaras* 60

5. Kōnstantinos VII Porphyrogennētos between Islamic al-Andalus and Judaic Khazaria
*Alex M. Feldman* 74

6. Ohrid Archbishopric and Ecclesiastical Identity in Byzantium
*Mitko B. Panov* 82

7. Секундарните грешки на Латините според Лав Охридски
*Виктор Недески* 93

8. Познавањето и рационалноста во спорот помеѓу св. Григориј Палама и Варлаам
*Илче Мицевски-Игнат* 105

9. St. Demetrius of Thessaloniki and St. Theodora of Arta: two Byzantine hagiographical models between East and West
*Salvatore Costanza* 118

10. An unpublished euchologion manuscript of Chortaitis Monastery (mid. 14th c.)
*Ilias Karalis* 133

11. From “Coats of Skin” to the “Robe of Glory”: On the (ascent/descent) journey of allegory in the Visio Isaiae and Interrogatio Iohannis and beyond
*Bojana Radovanović* 155

12. The Bogomil and Cathar Teaching of the Birth of Jesus. through the Ear of the Virgin Mary
*Dick Van Niekerk* 166

13. The Subject of Catharism in the Polemic between Catholics and Protestants from the 16th to the 19th Century
*Łukasz Lichter* 180

14. Богомилството во уметничко-книжевниот израз и во популарната култура во Македонија (примери од XX и XXI век)
*Маја Ангеловска - Панова* 189

15. Ecclesiastical processions in Byzantine diplomacy and their impact in imperial foreign policy
*Dragan Gjalevski* 201

16. North to south or south via south east”. Complexities of Byzantine cultural and religious missions to the Horn of Africa and Sinai in the milieu of the Axumite Empire
*Václav Ježek* 222

17. The Legacy of Livorno: Trade, Corruption and Religion in the development of the Free Port Mechanism
*Chloe Fyfe* 242

18. Religion and Science in Medieval Islamic World
*Giuseppe Maino* 254

19. Да се биде православен. Морални параметри за оформување на православниот идентитет во Христовата Црква
*Стефан Гоговски* 272

20. Имињата за Бог и границите на религиозниот јазик кај Псевдо-Дионисиј Ареопагит и Џон Скот (Ериугена)
*Марија Тодоровска* 284

21. Христијанската педагогија претставена во делата на светите отци
*Анета Јовковска* 296

22. Религиската едукација – македонското и европското искуство
*Ѓоко Ѓорѓевски* 312

23. Imprisonment of Women in the Sixth Century Papyri
*Daniela Tosheva* 324

24. Минијатурата број 345 од Менологот на Василиј II (*Cod. Vaticano Greco 1613*)
*Васил Ѓоргиев - Ликин* 331

25. Убавицата и гусарот. Описите на хероини како пример на екфразата во византискиот роман во времето на Комнените по примерот на Роданте и Досиклес од Теодор Продром
*Маќеј Хелбиг* 340

26. Извори на правото во Византиската империја (компаративна анализа на државно-правниот систем)
*Иванка Василевска* 353

27. Претставите од првата зона на припратата во Топличкиот манастир
*Јехона Спахиу Јанчевска* 363

28. Medieval Cistercian's Meditative Minds to Gods with Sacred Spaces and Ornamentation in Simplicity as a Living Heritage
*Hee Sook Lee-Niinioja* 385

29. Theotokos: Temple of God. A new 18th century Greek icon on the Presentation of Our Lady in the Temple
*Miguel Gallés* 399

30. Развојот на црковното пеење од византиската традиција кај поедини балкански народи во XIX и XX век
*Јане Коцабашија* 409

# 22

# Религиската едукација: македонското и европското искуство

*Ѓоко Ѓорѓевски, Православен богословски факултет „Св. Климент Охридски“, Скопје*

UDC 27-472:373(497.7:4)(091)

**Abstract:** The educational process at the most prominent schools in Byzantium supposed the basic religious knowledge, including the biblical texts and writings of the church fathers. The beginning of Slavic literacy and literature is connected with clear religious purposes. The most prominent among the disciples of St. Cyril and Methodius was St. Clement o f Ohrid, who have continued their missionary activities and established a well-organized school in Ohrid, where in seven years, 3500 students were educated. The first universities in Western Europe evolved from much older Christian cathedral schools and monastic schools. Prior to the establishment of universities, West European higher education took place in Christian cathedral schools or monastic schools. Both in the East and in the West, the religion and religious education was considered in the educational process. This article presents also an attempt to give an overview of religion education in Macedonian and European schools at present, which represents a wide range of different solutions. The reason for this is the diversity of educational systems, then the relationship between the State and religious communities, as well as the diversity of national religious histories. In some European countries the curriculum for religious instruction depends on the Constitution itself, in some cases it is conditioned by the signed concordats or it is based o n the

contractual relationship between the religious communities and the State. The concept and content of the subject is various in different countries, and in recent decades the civic and ethical role of religious education has been increasingly insisted on, perceived as a possible quality contribution to peaceful coexistence in the face of increasing diversity of religious and non-religious convictions.

Образовниот процес во Византија во текот на деветтиот и десеттиот век е посведочен преку присуството на училишта во Цариград, како што е школата на *Неа Еклисиа*, школата на анонимниот професор и училиштето каде студирал Атанасиј Атонски. Во овој период се обновува *magister liberalium litterarum*, древна институција со долга традиција уште од времето на доцната антика, а потоа и во раниот византиски период. Вредно за помен е и училиштето во кое идниот патријарх Фотиј предавал на избрани студенти. Значајно е враќањето на високото образование во втората половина од IX век преку основањето на Магнаурската школа од Цезар Вардас[1], а, потоа, во текот на X век и школата на Константин VII Порфирогенет. Црковното присуство и учество во сите овие образовни институции е повеќе од очигледно.

Во Македонија, пак, првите училишта на словенска писменост се појавиле во втората половина од IX век. Светите Климент и Наум, најзначајните ученици на сесловенските просветители и учители светите Кирил и Методиј, ја продолжуваат просветителската мисија во Охрид. Свети Климент Охридски ја основа првата организирана словенска школа во Охрид низ која за седум години минуваат 3500 ученици, која што била еден од најважните културни центри во тогашна средновековна Европа. Станува збор за едукативна институција чија примарна намена била подготовката на идните свештенослужители за служба во Црквата, но тоа било и место каде се описменувало и поучувало, каде сето знаење и искуство било пренесувано за да има практична примена во животот на тогашната заедница.

Постојат и запазените сведоштва за посебни детали во однос на црковно-просветното организирање. Така, забележано е дека за извршување на учителско-просветителската мисија, свети Климент добил три куќи во Девол. Во Опширно светиклиментово житие (18 глава), пак, се говори за светогледот врз основа на којшто се заснова

1 Маргарита А. Георгиева, "Магнаурската школа в Константинопол - средище на висшата светска наука (V–XV век)," in *Research and Innovation, Collection of Scientific Articles* (New York: Yunona Publishig, 2020), 172-174.

образовната концепција: “А какви биле делата на Климент? (Тој) на сите општо им говореше за спасителните заповеди и за божествените догми, и убедуваше дека, како што благочестивиот живот без здраво учење е всушност мртов и смирисан, така и учењето без живот не води кон вечниот живот. Првото тој го споредува со слепец кој има нозе и раце, а нема очи, додека второто го споредува со човек кој има очи, но е со отсечени раце и нозе”. За неговата целосна посветеност и важноста којашто тој ја полагал при реализацијата на воспитонообразовениот процес, авторот на неговото житие, веројатно еден од неговите ученици, забележал: “Ние никогаш не го видовме да безделничи, ами тој или ги учеше децата, и тоа на разни начини - на едни им ги покажуваше формите на буквите, на други им ја објаснуваше смислата на напишаното, а на трети им ги насочуваше рацете за да пишуваат, и не само дење, туку и ноќе, или се оддаваше на молитва, или се занимаваше со читање, или пак пишуваше книги, а понекогаш истовремено работеше две работи: пишуваше и на децата им предаваше некакво знаење, бидејќи знаеше дека безделието е учител на секое зло, како што рекла, преку еден од своите служители, Мудроста (Сир 33,28), учителката на секое добро”.[2]

Врз основа на ваквата посветеност може да се разбере успешниот одѕив и големиот број на ученици “од секоја енорија”, кои свети Климент ги поучувал со Светото писмо. Овие избрани ученици, пак, понатаму биле помошници во работата со почетниците. Опширното житие спомнува и уште еден потесен круг ученици, кога вели: “А нас смирените и недостојните, поради својата срдечна добрина нѐ направи поблиски од другите и ние секогаш бевме со него „присуствувајќи на сѐ што тој правеше - она што зборуваше и на што учеше преку едното и другото”.[3]

Во текот на седумгодишната учителска дејност од страна на свети Климент се положени здравите темели на македонската и на словенската писменост, како и на Охридски книжевен центар. Во рамките на оваа школа се подготвувал образовен кадар кој бил испраќан во учителска, проповедничка и свештеничка дејност во сите делови на Западна Македонија, во денешна Албанија и во другите делови на средновековна Бугарија.[4] Значајниот број на ученици говори несомнено говори за

2 Јован Таковски, *Свети Климент Охридски, Собрани дела: Слова, житија, поуки* (Скопје: Табернакул, 2012), xii; Александър Милев, *Гръцките жития на Климент Охридски* (София: БАН, 1966), 125-127.

3 Милев, *Гръцките жития*, 127.

4 Бранко Панов, “Мисионерската дејност на Климент Охридски во Македонија,” *Годишен зборник на Филозофскиот факултет* 46 (1993), 6-7.

успешноста на интелигентниот светиклиментов проект кој можел да го раководи само исклучителен човек. Тоа е потврда и за визионерскиот светоглед на свети Климент, за кого писменоста, образованието и културата имаат суштествено значење за тогашното општество. Како резултат имаме организиран училиштен систем, чијашто примарна дејност е описменувањето и писменоста, но и оспособувањето на црковните кадри. Овде, сепак, станува збор за исклучителен и неспоредлив школски систем за тоа време и, се разбира, дека како таков тој зазема посебно место во историјата и на Балканот, и на Европа.

По смртта на светите Климент и Наум, Охридската книжевна школа ја продолжиле нивните ученици, кои главно се занимавале со препишување на творбите на светите учители. Меѓу нивните непосредни ученици е и Константин Презвитер, подоцна епископ Преславски. Подоцна, на североисточниот дел од Македонија забележана е активноста на Кратовската книжевна школа, каде како книжевни центри се јавуваат македонските манастири Свети Прохор Пчињски, Свети Јоаким Осоговски и Свети Гаврил Лесновски. Во овие манастири писмената и книжевна традиција поактивно ќе започне меѓу XII и XIV век, а потоа и до XIX век. Како најзначајни припадници на оваа школа се јавуваат Димитар Кратовски од XV век и Јован Кратовски од XVI век.[5]

Средновековната книжевност била одраз на единството на духовното и културното живеење во Византија, Македонија и другите јужнословенски средини. Книжевното наследство, не би можело комплетно да се дефинира доколку не се земат предвид претходно спомнатите книжевни центри, книжевни школи и скрипториуми. Тоа биле реални места кои претставувале институции за одвивање на книжевните, просветните и научните активности во средновековието. Честопати книжевните центри биле поврзани со скрипториумите, кои, сепак, можеле да постојат и самостојно. Посведочено е постоењето на поголем број на книжевни центри и скрипториуми, меѓу кои и Бигорскиот, Зрзескиот, Кратовскиот, Лесновскиот, Осоговскиот, Матејче, Марковиот, Слепченскиот, Серскиот, Роженскиот и др.

Познато е и дека првите универзитети во Западна Европа еволуирале од многу постари христијански катедрални училишта и монашки училишта. Тоа значи дека, и на Исток, и на Запад, религијата и религиозното образование биле дел од образовниот процес.

5 Илија Велев, "Кратовскиот книжевен центар и книжевната дејност на поп Јоан Кратовски во поствизантискиот македонски книжевноисториски развој," *Slovo, časopis Staroslavenskoga instituta u Zagrebu* 65 (2015), 127-166.

И за време на османлиското владеење во Македонија, школството, просветата и културата се неразделиво поврзани со црковната активност. Училиштата постоеле само при црквите и манастирите и тие биле единствени едукативни, книжевни и културни центри. Дури и по укинувањето на Охридската архиепископија на територијата на Македонија ќе опстојат над четириесет манастирски културно-образовни центри, каде ќе бидат отворени и ќелијни училишта. Освен јазикот и сметањето, другите предмети главно биле со црковно-богословска содржина, имајќи предвид дека во нив голем дел од учениците биле оспособувани за вршење на свештеничка или друга црковна дејност.[6]

Меѓу најзначајните случувања на македонските простори во 19 век е процесот на преродбата, мотивиран од созреаното сознание за унапредување на писменоста и просветата, што резултирало со отворање на училишта на народен мајчин јазик при поголемите цркви и манастири. За поголема достапност на училиштата, еснафот се вклучил во нивното организирање и издржување. Црковно-училишните општини дотогашните училишта ги претвориле во народни и бесплатни, а учителот бил издржуван од месната општина.[7]

Од средината на XIX век почнале да се отвораат и училишта за повисоко образование, т.н. главни, класни или прогимназијални. Првото вакво училиште е отворено во Велес во 1857 година, а потоа и во Штип во 1861 година. Покрај предметите како историја, географија, аритметика, геометрија, се изучувале и богословските предмети: вероучение, библиовидение, есествововедение, библиска историја, катехизис и др. Во Прилеп во 1874 година било реорганизирано класното училиште во еден вид педагошко-богословско училиште, каде покрај општите предмети и мајчиниот јазик биле изучувани предмети како богослужение, пространен катихизис с воведение на светото писание, псалтики и др.[8]

Првите чекори за основање на општински читалишта во Македонија ги презела Скопската црковно-училишна општина во периодот

6 Александар Трајановски, "Народноопштински и педагошко-богословски училишта во Македонија кон средината на XIX век (по примерот на учителствувањето на Ј. Ковачев, Д. Миладинов, Сл. Дингова, К. Шапкарев и други)," *Годишен зборник на Институтот за историја и археологија, Универзитет Гоце Делчев – Штип* 2/1 (2011), 111.

7 Александар Трајановски, "Богословските училишта во Македонија," *Годишен зборник на Православниот богословски факултет „Св. Климент Охридски"- Скопје* 13 (2009). 139-178.

8 Трајановски, "Народноопштински и педагошко-богословски училишта," 114-115.

1848-1853 година. Биле создадени и неделни училишта, при што за таа намена се користеле неделните и верските празници за одржување на наставата после верските богослужби во црквите и манастирите.

Во овој контекст потребно е да се спомнат и битолските богословии, најнапред оние на Цариградската патријаршија во XIX век, а потоа и богословијата Свети Јован Богослов организирана од Српската православна црква во XX век.

Уште за време на Втората светска војна биле отворени првите македонски училишта во 1943 година на слободната територија во Западна Македонија. Веронауката бил составен дел од училишната програма, а отфрлен е дури подоцна од идеолошко-политички причини. Во составот на Главниот штаб, биле организирани служби со референтства за школство и за верски прашања, коишто преземале активности за да профункционираат основните училишта и да се остварува верскиот живот на населението.[9] Во основните училишта и гимназиите предметот веронаука продолжил да се изучува повеќе години по ослободувањето[10], а потоа е исфрлен од образовниот систем.

Дури во 2002 година за првпат со подзаконски акт повторно се воведува изучувањето на предметот, кога веронауката се изучува во III одделение како факултативен предмет. Во ноември 2003 Уставниот суд донесува одлука за укинување на подзаконскиот акт. Во 2008 година Собранието усвојува нов закон за основно образование, со којшто се овозможува повторното враќање на предметот во училиштата, но овој пат во V одделение. Веронауката, заедно со предметот Историја на религиите, станува изборен предмет. Во април 2009 година Уставниот суд повторно го забранува изучувањето на предметот. Од 2010 година, како супституција на веронауката се воведува предметот Етика во религиите за учениците од V одделение, којшто ги изучува моралните аспекти на сите верски заедници спомнати во Уставот. Предметот е изборен, заедно со Запознавање со религиите и Класична култура на европската цивилизација, од кои ученикот се одлучува за само еден предмет. Ваквото решение беше сметано како постигнување на определен баланс и почитување на уставно утврдениот концепт на одвоеност на верските заедници од државата.[11]

9 Ване Стојчев, „Македонија во Втората светска војна“, во *Историја на македонскиот народ*, ур. Тороp Чепрганов (Скопје, 2008), 298-299.

10 Александар Симоновски, “Културата и образованието во Битола и битолско кон крајот на 1944 и во почетокот на 1945 година,” *Philological Studies* 13/2 (2015), 105-106.

11 Тања Каракамишева - Александар Спасеновски, *Прирачник за правото на*

Кога станува збор, пак, за образованието за религијата во училиштата на Европската унија, потребно е да се истакне дека таа претставува широк спектар на различни решенија. Причината за тоа е разновидноста на образовните системи, потоа на односите меѓу државата и верските заедници, како и различноста на националните религиозни истории. Во некои европски земји програмата за религиската настава зависи од самиот Устав, некаде, пак, таа е условена од потпишаните конкордати, или, пак, се темели врз договорниот однос меѓу верските заедници со државата. Исто така, мошне важно е да се истакне дека во разни земји различен е концептот и содржината на самиот предмет. Во последните децении сѐ повеќе се инсистира на граѓанската и етичката улога на религиозното образование, со цел да се дојде до мирен соживот во зголемената разновидност на религиозни и нерелигиозни уверувања.[12]

Во насока на доближување на сликата за состојбата со религиозната едукација во Европската унија, неопходно е кратко потсетување за тоа што всушност таа претставува. Имено, со Договорот од Мастрихт (1991) и Договорот од Амстердам (1997), Европа станува наднационална унија на суверени држави. Сепак, терминот „унија“ не е синоним за единство, уште помалку за униформност. Парадоксално, таа е еден вид на единство на различности. Таа е заедница на различни народи со различна историја, јазик, култура и религија.[13] Станува збор за Унија која нема да успее да ратификува свој Устав, која и покрај сите усилби, сѐ уште ја делат силни јазични бариери и економски диспаритет.[14] Религиозната географија на Европа, која е еден вид на мозаик на три христијански традиции, прави од Европа континент кој е општествено најфрагментиран и нефлексибилен од гледна точка на конфесионалните идентитети.[15]

---

*верските заедници и за слободата на вероисповед на Република Македонија* (Скопје: Фондација „Конрад Аденауер“, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2018), 79-83.

12 Flavio Pajer, “L’istruzione religiosa nelle scuole dell’Unione Europea: un’ identità plurale e in evoluzione”, *Pistis Praxis* 2/2 (2010), 449-478.

13 Таа е Унија на држави со различни устави, кои имаат различни односи со Црквата и верските заедници, како и различен образовен систем, еден вид на „интеграција без единство“. Pietro Rossi, *L’identità dell’Europa* (Bologna: Il Mulino, 2007), 153-169.

14 Yves Plasseraud, *Atlas des minorités en Europe: de l’Atlantique à l’Oural, diversité culturelle* (Paris: Editions Auterment, 2005).

15 Притоа не може да не се земат предвид и двете растечки статистички противположности: зголемувањето на исламската заедница (најмалку 15 милиони муслимани денес живеат во ЕУ) и на другите религиозни малцинства, наспроти зголемувањето на она коешто Германците го нарекуваат “трета конфесија”, онаа на

Европската разнообразност се отсликува и во европските училишта. Имено, секоја од 27-те држави кои ја сочинуваат Европската унија си го има запазено сопствениот едукативен систем, со своја автономија и со сопствените национални специфики. Во некои држави училиштата дури и не се наоѓаат под едно единствено централно министерство за образование (каков што е случајот со Италија или Франција), но постојат регионални министерства. Освен некои главни линии на државната политика диктирана од националниот центар, вистинските избори за програмите, дидактиката и формацијата на наставниците се делегирани од суб-национална администрација, како што е случајот со 100-те англиски *counties*, на 16-те германски Länder, 3-те белгиски лингвистички заедници, на 17-те шпански Autonomías и 26-те швајцарски кантони. Честопати дури и концептот на религиозната едукација во училиштата се одлучува токму на локално ниво, зависно од различниот конфесионален профил на школската популација. Друга карактеристика на европските едукативни системи е постоењето на двојна мрежа на училишта во поединечни држави: од една страна се јавните училишта, додека, од друга страна, недржавните (конфесионални) училишта, кои обично се интегрирани во јавниот систем, со сопствени права и должности, па затоа се и субвенционирани од страна на државата.[16]

Религиозната едукација е генерално присутна, како во државните, така и во недржавните училишта (но во овие едукатвната етичко-религиозна настава обично не се лимитира само на еден предмет за религијата).[17] Во државните училишта, секуларни и неутрални по статут, но сè повеќе плурални во поглед на верскиот идентитет на учениците кои го поседуваат, веќе со децении е присутна дилемата во секуларното општество: од една страна е правото на родителите кои бараат образование во согласност со нивните верски или филозофски (агностички) убедувања, а, од друга страна, е неопходна-

„пост-христијаните" која денес стигнува до бројка од околу 20-25% од возрасното европско население над 18 години Jacques Sutter, "Per una sociologia delle religioni nell'Europa occidentale," in Perry Anderson, *Storia d'Europa: L'Europa oggi* (Torino: Einaudi, 1993), 723-736. René Rémond, *La secolarizzazione: religione e società nell'Europa Contemporanea*, (Roma-Bari: Laterza 1999), 275-284. Според некои испитувања резултира дека како нерелигиозни се изјасниле: 70% од граѓаните на Република Чешка, 63% од Холанѓаните, 49% од Летонците, 31% од Французите, 16% од Англичаните.

16 Pajer, "L'istruzione religiosa," 451-452.

17 E. Verhack, *Consiglio delle Conferenze episcopali europee, L'insegnamento della religione risorsa per l'Europa* (Leumann: Elledici, 2007), 361-374.

та потреба државното училиште да обезбеди соодветна религиозна едукација за сите ученици без дискриминација на културата и религијата. Како сето тоа да се усогласи, во отсуство на хомогеност? Како да се заштитат човековите права на семејството (се потсетува дека и религиозната слобода е едно од основните права), а истовремено да се бара од јавното училиште да биде место на демократски раст, меѓукултурно образование и обука за вредностите на плурализмот?

Постојат три правни инструменти кои различните држави ги користат за акредитација на религиозната едукација во училиштето:

а) Националното законодавство, изградено врз основа на преговори кои се водат меѓу партиските сили во парламентарните демократии за секој закон. Така, има земји каде што државните закони за образованието вклучуваат религиозното образование меѓу задолжителните дисциплини во програмата, но разбрано како историски факт со културни цели, а не како катихизис. Религиозната едукација тогаш се легитимира со акт на Парламентот на национално ниво, додека локалниот легимитет произлегува од учеството на претставници на заинтересираните верски заедници и на професионална категорија на наставници. Во оваа група може да се спомне случајот со Белгија, чија образовна политика се управува од страна на министерствата за образование на три јазични заедници, во рамките на уставните гаранции и во континуитет со одредбите од Пактот за образование потпишан во 1959 година. Еден закон што резултира со овој пакт, религиозното или етичко образование го прави задолжително за сите ученици во јавните училишта, со по два часа неделно. Сепак, не треба да се изуми дека во Белгија јавните училишта се малцинство во однос на конфесионалните училишта (повеќето католички), каде што е задолжителна конфесионалната настава - но не и катехетската – која се предава не само на учениците кои се католици, туку и на ученици од други вери или агностици. Правната основа е уште посилна кога произлегува од страна на Основниот закон или Уставот, и тоа е случај со Германија, каде се наведува обврската за религиозно образование, или, пак, како алтернатива обврската за етичка настава (чл. 7.3 од Уставот). Религиозната едукација е предмет подложен на државна контрола, а по потреба се усогласува со принципите на верската заедница. Овие примери, кои не се единствени (бидејќи образовните системи на скандинавските земји и на Грција, исто така, може да се споменат во оваа категорија) документираат озаконување

на верското образование од страна на државната легислатива, при што цркVите сепак биваат консултирани, најмалку при дефинирањето на програмите, а понекогаш и за обуката на наставниците. Потребно е, сепак, да се истакне дека во овие случаи предметот религиозна едукација главно не се третира како пасторален проблем на црквите, туку, пред сè, како демократска задача на јавните власти кои во религиозниот фактор гледаат една од најзначајните компоненти на граѓанската формација.

б) Вториот начин на регулирање на религиозната едукација во училиштето е поврзан со конкордатите, односно договорите кои некои европски држави (главно оние со католичко мнозинство) ги склучиле со Светата Столица. Конкордатите  биваат склучени на крајот од осумнаесеттиот и почетокот на деветнаесеттиот век, кога европската панорама на политички режими на власт беше многу различна од сегашната и кога Католичката Црква беше сè уште далеку од позициите што ќе произлезат само после Вториот Ватикански собор. Токму затоа и старите конкордати претрпеа ревизии и надградби во текот на последните триесет години, а новите договори потпишани од посткомунистичките земји во Европа (Полска, Хрватска, Унгарија) ги рефлектираат барањата на постсоборната клима;

в) Третиот модел на однос меѓу училиштето и религиозната едукација е оној на исклучување, што е поточно еден вид не-однос. Во неговата основа стои поделбата меѓу државата и Црквата, која Франција ја познава од хомонимниот закон од 1905 година. Во француското јавното училиште не се толерира никаква религиозна настава, ниту конфесионална или неконфесионална. Делумното решение, кое е компатибилно со сегашниот систем на францускиот лаицизам, е да го зголеми лаичкиот пристап кон „религискиот факт“ во рамките на различните дисциплини од наставната програма, особено во хуманистичките науки.[18]

Исто така, не може да се игнорираат и мултикултурните раздвижувања кои се одвиваат во европското општество, кои влијаеја и врз училишни реформи, вклучувајќи ги и прилагодувањата притоа дури и програмите за религиозна едукација. Така, на пример, во Германија, веќе се експериментира во многу основни и средни училишта со таканаречена биконфесионална (католичко-протестанстска) или кооперативна религиозни едукација.[19] Дури и државите кои имаат

18 Pajer, "L'istruzione religiosa," 454-457.

19 Види во *Gemeinsamkeiten stärken – Unterschieden gerecht werden. Erfahrungen*

склучено конкордат со Светата Столица, што значи дека имаат католички конфесионални програми, и тие не само што не се воздржани, но дури сметаат дека имаат должност во нивните религиозни програми да интегрираат информативни податоци, документи, доктрини и вреднувањата на останатите христијански цркви и на другите религии. Проширувањето на основата на конфесионалната содржина обично се случува во четири правци, според регионалниот контекст: а) кон друга христијанска исповед, која коегзистира на територијата (екуменски модел), б) кон други најзначајни религиозни конфесии таму присутности (меѓуверски модел), в) кон трите големи монотеистички религии (во земјите каде се чувствува интензивна исламската имиграција или каде се бележат феномени на антисемитизам, и г) кон форми на еден вид „нео-духовност", на различни филозофии на животот (моделот на етичките и антрополошките учења).[20] Една неодамнешна европска анкета промовирана од мрежа на истражувачи кои припаѓаат на десетина универзитети од различни земји (Германија, Франција, Шпанија, Русија, Холандија, Норвешка, Естонија) ги анализираше ефектите на религиозната настава кај неколку илјади млади - адолесценти.[21] Од добиените резултати се чини дека е намален полемичкиот став кај новата генерација на ученици во споредба со онаа од изминатите децении.

Во контекст на прогресивниот плурализам, се поставува прашањето, дали изградбата на религиозниот идентитет на ученикот не врви подобро преку запознавање и разбирање на разликите, наместо да биде фокусирана и изолирана исклучиво кон сопствената кредо, но и дали е можна квалитетна подготовка за живот во дијалог во едно мултирелигиозно општество, без квалитетно и објективно познавање на сопствената религиозна традиција?

Освен тоа, од споредбената анализа на македонското и европското школство произлегува дека обете својата основа ја имаат во црковно-просветната активност, каде религиската едукација во различни

---

*und Perspektiven zum konfessionell-kooperativen Religionsunterricht,* ed. Albert Biesinger, Friedrich Schweitzer (Freiburg/Basel/Wien: Gütersloher Verlagshaus 2002). Исто така, се забележува обид и во швајцарските кантони од германско јазично подрачје за меѓуконфесионална едукација и на екуменска библиска поука.

20 Pajer, "L'istruzione religiosa," 472-474.

21 Jean-Paul Willaime and Céline Béraud, *Les Jeunes, l'école et la religion* (Paris: Bayard 2009), 270-272. Публикацијата е дел од Програмата за истражување на REDCo (*Religion in Education: a contribution to Dialogue or a factor of Conflict in transforming societies of European Countries*), финансирана од Европската Комисија, а реализирана во периодот од 2006 do 2009 година.

форми во минатото бил, но и денес е составен дел од образовниот курикулум. Кај нас дури и носителите на овие активности се скоро секогаш свештени лица, почнувајќи од светите Кирил и Методиј, светите Климент и Наум, па сè до нашите преродбеници Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и Теодосиј Синаитски, или личности со стекнато богословско образование, како што се Крсте Петков Мисирков и Димитрија Чупоски. Разликата е во тоа што европските држави денес, и покрај сè поголемото отуѓување од христијанските корени, сепак наоѓаат простор за религиската едукација (макар и во различна форма) во воспитно-образовниот процес на нивните земји, за разлика од македонското искуство кое е обележано од континуиран процес на нејзино негирање или истиснување од училишните програми. Од друга страна, пак, загрижувачки се обидите за наметнување на образование и воспитание спротивно на верското убедување на родителите (кои во најголем дел се изјаснуваат за религиозни), иако тие имаат уставно имаат право нивните деца да бидат воспитувани и образувани согласно нивниот светоглед (Устав, член 11). Во прашање се доведува и почитувањето на Универзалната декларација за човекови права, каде што јасно се вели: „Родителите имаат првенствено право да го изберат видот на образованието што ќе им биде дадено на нивните деца“ (член 26, став 3). Со Конвенцијата против дискриминација во образованието, усвоена од стана на Општата конференција на УНЕСКО на 14 декември 1960 година, државите членки на Конвенцијата се обврзуваат „да обезбедат, според практичните можности на законодавство на секоја држава, верско и морално воспитување на децата согласно нивните убедувања“ (член 5, точка 1.б).[22] Впрочем, отсуството на изучување на религиската едукација во училиштата не е само неприменување на спомнатите декларации и конвенции, но и дистанцирање од сопствената историја општо, како и онаа на образование и воспитание, што е доволен показател за сериозните недостатоци со коишто се соочува македонскиот воспитно-образовен систем.

22 Ова основно родителско право е поддржано и од Меѓународниот пакт за граѓански и политички права (член 18, став 4), каде се вели: „Државните членки на овој Пакт се обврзуваат на почитување на слободата на родителите и ...да обезбедат верско и морално воспитување на своите деца согласно сопствени убедувања“.